**Неофицијален пречистен текст**

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

(Службен весник на РМ број 111/2000,4/2001,56/2001,71/2001,41/2003,47/2003,73/2005, 3/2006,137/2006, 62/2007,86/2007,115/2007,132/2007, 56/2008, 132/2008,88/2009 и 16/2010)

**(пречистен текст )**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат индикациите врз основа на кои се остварува право на протези, ортопедски и други помагала, помошни и санитетски справи и материјали и заботехнички средства (во понатамошен текст: ортипедски и други помагала) изработени од стандарден материјал, начинот на остварување, како и висината на учеството на осигурените лица во цената на тие помагала.

### Член 2

Осигуреното лице може да оствари право на ортопедско и друго помагало на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошен текст Фондот) според индикациите утврдени со овој Правилник и Списокот на ортопедските и други помагала изработени од стандарден материјал (во понатамошен текст: Списокот на ортопедски и други помагала), кој е составен дел на овој Правилник.

## II. ИНДИКАЦИИ И ВИДОВИ НА ПОМАГАЛА

## А. ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА

### 1. Протези за раце и нозе

### Член 3

Осигуреното лице остварува право на протеза за рака или за нога, во случај кога му недостасува дел или цела рака или нога, со сите составни делови кои

овозможуваат целосна функција на протезата, според Списокот на ортопедски и други помагала.

Со протезата осигуреното лице остварува право на естетска ракавица за рака, односно на навлаки (чорапи) за чунката за ногата, како составен дел на протезата.
Осигуреното лице кое користи навлаки (чорапи) за чунка на ногата, може да користи до 6 навлаки (чорапи), годишно.

**Член 4**

Протезите за раце и нозе се изработуваат од стандардни материјали: пластична маса, дрво, кожа, филц, метал и гума, зависно од видот на протезите и нивната функција.

**Член 5**

Осигуреното лице на кое му недостасуваат двете раце и кое според индикациите неможе да користи протези од член 3 и 4 на овој Правилник може да оствари право на миоелектронска протеза.

По исклучок од став 1 на овој член, осигуреното лице на кое му недостасува една рака, а другата рака е потполно одземена или деформирана и заради тоа не е во функција, може да оствари право на миоелектронска протеза.

Миоелектронската протеза, може да се одобри на осигуреното лице по навршени шест години возраст.

Правото на миоелектронска протеза се остварува врз основа на оценка и наод на Лекарската комисија на Фондот по претходно набавено конзилијарно мислење за можноста од нејзината примена и функција.

**Член 6**

Осигуреното лице кое прв пат остварува право на трајна протеза, има право и на имедијантно лежиште за протезата, заради прилагодување на чунката за протезата.

**Член 7**

Рокот на траењето на протезите од член 3 и 5 од овој Правилник изнесува:
За протезите за раце:

- за осигурени лица , деца до 7 годишна возраст - 7 месеци;
- за осигурени лица, деца над 7 до 18 годишна возраст - 18 месеци;
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 36 месеци;
- за осигурени лица над 65 годишна возраст - 36 месеци.

За протезите за нозе:

- за осигурени лица , деца до 7 годишна возраст - 7 месеци;
- за осигурени лица, деца над 7 до 18 годишна возраст - 12 месеци;
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 36 месеци;
- за осигурени лица над 65 годишна возраст - 36 месеци.

## 2. Ортопедски средства - ортози

### Член 8

Право на ортопедски средства -ортози осигуреното лице има во случај кога тие помагала му се потребни за овозможување на потпирање, растоварување, спречување на деформации, исправање на постојните деформации и контролирање на несакани движења.

Како ортопедски средста -ортози во смисла на став 1 на овој член се сметаат: надколени ортози, коленски ортози, подколени ортози, ортози за горните екстремитети, ортози за рбетен столб и корективни ортози според Списокот на ортопедски и други помагала.

### Член 9

Ортопедските средства -ортози се изработуват од стандарден материјал и тоа од метал, кожа, пластична маса, гума и текстил.

### Член 10

Рокот на траењето на ортопедските средства (ортози) од член 8 од овој Правилник изнесува:

- за осигурени лица , деца до 7 годишна возраст - 12 месеци;
- за осигурени лица, деца над 7 до 18 годишна возраст - 14 месеци;
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 24 месеци;
- за осигурени лица над 65 годишна возраст - 36 месеци.

## 3. Инвалидски колички

### Член 11

Право на инвалидска количка на рачен погон (од собен тип), осигуреното лице може да оствари кога:

1) се ампутрани двете нозе над колената;
2) се ампутирани двете нозе под колената кога протезата е медицински контраиндицирана;
3) ампутирана е едната нога каде што поради прогресивното заболување и предвидувањето дека може да дојде до влошување на другата нога и неможе да се овозможи одење и со употребата на протезата;
4) поради одземеност на долните екстремитети, ако и покрај употребата на друго помагало поголемиот дел од времето го поминува во количка;
5) поради дегенеративни и воспалителни процеси на големите зглобови на долните екстремитети, движењето е намалено односно оневозможено;
6) целосно му се одземени раката и ногата од едната страна а оспособувањето да може да стои е контра индицирано од други медицински причини (болно срце и др.);
7) е ампутирана една нога, ако поради општата слабост на организмот не е во состојба да се движи.

На осигуреното лице кое заради индикациите од став 1 на овој член, поголемиот дел од времето го минува во кревет, може да му се одобри инвалидска количка со тоалетен додаток.

### Член 12

На осигуреното лице му се одобрува стандардна инвалидска количка која е наведена во Списокот на ортопедски и други помагала со потребните додатоци, во зависност од функционалниот статус.

Според анатомските и физиолошките особини на осигуреното лице, на кое не му одговара стандардана количка од собен тип, има право на инвалидска количка по специјална нарачка.

Како стандардна инвалидска количка во смисол на став 1 и 2 на овој член се смета количка изработена од метал, кожа, пластична маса, гума и текстил и која има наслони за раце на расклопување, одморалишта за нозете на расклопување и можност за расклопување на количката со кочници.

**Член 13**

Осигуреното лице има право само на една собна инвалидска количка на рачен погон.

По исклучок од став 1 на овој член осигуреното лице кое е во работен однос, или врши дејност врз основа на која е осигурено, како и на децата кои се на редовно школување до 18, односно 26 годишна возраст, покрај собна инвалидска количка има право и на теренска инвалидска количка на рачен погон.

По исклучок од став 2 на овој член, на осигуреното лице наместо теренска инвалидска количка на рачен погон може да му се одобри инвалидска количка на електромоторен погон ако поради функционалниот статус на рацете и нозете неможе активно да покренува количка на рачен погон, ако Лекарската комисија на Фондот оцени дека е способно сигурно и самостојно да ја управува.

**Член 14**

Осигуреното лице на кое му е одобрена инвалидска количка од било кој вид има право само на едно антидекубитално перниче.

**Член 15**

Рокот на траењето на инвалидските колички изнесува најмалку 60 месеци, а за деца до 18 години - 36 месеци а на антидекубиталното перниче најмалку 36 месеци.

**Член 16**

По престанокот на употребата од користењето на инвалидската количка, осигуреното лице односно член на неговото семејство се должни количката да ја вратат на Фондот.

## 4. Ортопедски чевли

**Член 17**

Осигуреното лице кое неможе да употребува конфекциски чевли може да остварува право на ортопедски чевли, изработени по мерка во случај на следните индикации:

1) пократка нога повеќе од 2,5 см;
2) деформации на скочниот зглоб или стопалото поради исчашување, скршеници или коскени израстоци од поголеми размери, освен деформацијата како последица на Халус валгус;
3) елефантазија на долните екстремитети;
4) парализирано или паретично стопало;
5) дегенеративни промени на коските и зглобовите од стопалата кои се последица од:
   a) вродени аномалии
   b) повреди на стопалото и
   v) деформирани стопала при Рхеуматоид артхтритис.
6) состојба после ампутација на најмалку три прсти или палецот на едното или на двете стопала, како последица на повреда;
7) деформации на стопало при мускулни дистрофии и миопатии;
8) состојба после делумна ампутација на стопалото или ампутација на долен екстремитет во состав на адекватна протеза.

**Член 18**

На децата до навршена 18 годишна возраст, кои неможат да употребуваат конфекциски чевли можат да остварат право на ортопедски чевли изработени по мерка, во случај на следните индикации:

1) пократка нога за 1,5 см или повеќе;
2) деформирано стопало од типот на еквиновалгус поради вроден недостаток на фибула;
3) деформирано стопало од типот на еквиноварус поради вроден недостаток на тибија;
4) вродено криво стапало од типот на pes equinovarus kongenitus и pes varoaduktus;
5) вродено криво стапало од типот pes planovalgus kongenitus поради:
   a) tallus verikalis
   b) рскавична или коскена коалиција на коските и зглобовите на стопалото
6) вродено криво стапало од типот на pes excavatus, pes varoexcavatus и Fridrajhovo стопало;
7) вродено расцепено стопало - pes fissus;
8) вродено неразвиено стопало-hypoplasio pedis со голема разлика компарирана со друго стопало
9) вродени аномалии на прстите:
   a) digitus superduktus
   b) digutis malleus или kontractus
   в)голем многу развиен палец (mega hallux)

## Член 19

Како ортопедски чевли во смисла на член 17 и 18 од овој Правилник не се сметаат чевлите произведени во сериско производство, на кои им е додадена само ортопедска влошка.

## Член 20

Ортопедски чевли можат да се одобрат на осигурено лице како составен дел на друго помагало при:

1) потреба од ортопедски апарат (ортоза) каде чевлите се составен дел на апаратот;
2) потреба од метална сандала или ортопедски апарат со метална сандала;
3) потреба од вештачко стопало;
4) ампутиран дел од нога или доножјето, а осигуреното лице не користи ортопедски апарати;
5) ампутација на долен екстремитет во состав на адекватна протеза.

## Член 21

Ортопедските чевли се изработуваат од кожа , со соодветни додатоци кои се вградени во ортопедските чевли.

## Член 22

Роковите на траењето на ортопедските чевли од член 17,18 и 20 од овој Правилник изнесуваат:
- за осигурени лица , деца до 7 годишна возраст - 6 месеци;
- за осигурени лица, деца над 7 до 18 годишна возраст - 8 месеци;
- за осигурени лица над 18 до 65 годишна возраст - 12 месеци;
- за осигурени лица над 65 годишна возраст - 12 месеци.

## 5. Ортопедски влошки

## Член 23

Осигуреното лице до навршена 18 годишна возраст, кое користи сериски произведени чевли, има право на ортопедски влошки во случај на: Pes planus, Pes planovalgi, Calcar calcanei, Morbus Sever, Morbus Kohler, Metatarzalogia Morton и Скратување на ногата до 1,5 см.

Рокот на траењето на ортопедските влошки изнесува 6 месеци.

## 6. Еластични чорапи

### Член 24

Осигуреното лице може да оствари право на еластични чорапи (надколеници или доколеници), во случај на постоперативно лекување на долните екстремитети за превенција на тромбемболизмот.

Осигуреното лице правото од став 1 на овој член го остварува само еднаш, за еден оперативен третман.

## 7. Помошни помагала (бандажерски средства)

### Член 25

Осигуреното лице може да оствари право на помошни помагала според Списокот на ортопедски и други помагала, ако тие му се потребни од медицински причини и тоа:

1) троножен односно четвороножен бастун;
2) патерици односно одалка ако со тие помагала се овозможува или се подобрува движењето;
3) појаси и утеги за различни типови на хернија;
4) вештачка дојка, во случај на ампутација на дојка на осигурено лице - жена;

### Член 26

Рокот на траењето на помошните помагала од член 25 став 1 точките 1 и 2 на овој Правилник изнесува најмалку 60 месеци, за помагалата од член 25 точка 3 најмногу 12 месеци, а за помагалото од став 1 точка 4 на истиот член изнесува 24 месеци.

## 8. Останати помагала и санитарни справи

### Член 27

Осигуреното лице може да оствари право на други помагала и санитарни справи и тоа:

1) дводелен систем за уростома - 10 плочки и 30 кеси, или едноделен систем за уростома - 60 самолепливи кеси месечно, кога по современите методи на лекувањето неможе да се регулира со своеволно празнење на мочниот меур, паста за нивелирање на подлогата , а по потреба и појас за фиксирање на дводелниот систем;
2) дводелен систем за колостома и илеостома - 10 плочки и 60 кеси за измет или едноделен систем за колостома или илеостома - 60 самолепливи кеси месечно, кога цревото се празни преку вештачки отвор на стомачниот ѕид, паста за нивелирање на подлогата, а по потреба и појас за фиксирање на дводелниот систем;
3) ендотрахијална канила за осигурено лице за кое е извршена трахетомија;
4) постојан катетар (4 парчиња годишно) за лице кај кое не постои можност за празнење на мочниот меур по пат на слободна дренажа;
5) Нелатон катетер (120 месечно) за лице кај кое не постои можност за своеволно празнење на мочниот меур ;
6) распрскувач и инхалатор за лице кое боледува од долготрајно респираторно заболување со постојани дишни тегоби, само за деца до 18 годишна возраст и само еднаш;
7) гумено црево за вештачко хранење за осигурено лице кое се храни по вештачки пат преку отвор на ѕидот од желудникот .

Право на медицинско помагало за инконтиненција (влошки и/или пелени) имаат следните осигурени лица:

- децата на возраст од 3 до 18 години со инконтиненција од неуроген тип (спина бифида и менингомиелоцела) или екстрофија на мочниот меур кај кои постои како последица трајно,неволно празнење на мочниот меур;
- ментално ретардираните деца од 3 до 18 години поради неволно празнење на цревата и/или мочниот меур;
- осигурените лица со параплегија, квадриплегија, мултиплекс склероза, церебрална парализа или секвели од детска парализа неволно празнење на цревата и/или мочниот меур;
- осигурените лица со инфективни, бенигни, малигни, посттрауматски заболувања на централниот нервен систем (мозокот и рбетниот мозок) и периферниот нервен систем, кои немаат функција на контрола на излачувањето на урината и фецесот;
- осигурните лица со инфективни, бенигни, малигни, посттрауматски заболувања на урогениталниот систем, кои како последица предизвикуваат уринарна инконтиненција;
- осигурените лица со инфективни, бенигни, малигни, посттрауматски заболувања на гастроинтестиналниот тракт, кои како последица предизвикуваат привремена или трајна фецесна инконтиненција;
- осигурените лица со психичка (душевна) заостанатост, привремено или трајно психичко (душевно) пореметување, трајно психичко (душевно)

заболување со пореметување на свеста, кои условуваат несвесна уринарна и фецесна инконтиненција;
- осигурените лица со дијабетес мелитус и разни кардиолошки заболувања кај кои постои привремена или трајна уринарна и/или фецесна инконтиненција.

Осигуреното лице со инконтиненција која не може хируршки да се реши, а е неподвижно но може да седи и да се движи со помош на инвалидска количка има право на :
- Медицинско помагало за инконтиненција (влошки и/или пелени) за деца на возраст од 3 до 18 години,
- Медицинско помагало за инконтиненција (влошки и/или пелени) за лица на возраст над 18 години.

Осигуреното лице со инконтиненција на урина која не може хируршки да се реши, а е неподвижно и не може да седи и да се движи со помош на инвалидска количка има право на постојан катетер (4 парчиња годишно) согласно член 27 став 1 точка 4, и 10 урин кеси со испуст од 2 литри месечно.

Медицинските помагала од став 2 и став 3 на овој член се препишуваат во количина утврдена во списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на овој правилник, со големина соодветна на телесната градба на корисникот. Соодветниот вид на медицинско помагало го препишува лекарот специјалист од соодветната дејност или избраниот лекар по препорака на лекарот специјалист од соодветната дејност.

Медицинските помагала под реден број 170 Б може да се препишуваат исклучиво во комбинација со помагалата под реден број 170 Д, според телесната градба на корисникот т.е. обемот на колови и тоа во случаи кога за дадената медицинска индикација е соодветно да се користат за дневна примена анатомски влошки, во комбинација со ноќни пелени со висока впивлива моќ (уринарна инконтиненција).

Во исклучително тешки случаи на инконтиненција (мешана и фецесна инконтиненција), лекарот може да препише употреба на помагалата под реден број 170 Д, во количество од 90 парчиња месечно.

**Член 28**

Рокот на траењето на помагалата и санитарните справи од членот 27 на овој Правилник изнесува:

Дводелен систем за уростома (10 плочки и 30 кеси) или едноделен систем за уростома (60 самолепливи кеси) - месечно;
Појас за фиксирање на дводелен систем за уростома - 6 месеци;

Дводелен систем за колостома и илеостома (10 плочки и 60 кеси за измет) или едноделен систем за колостома и илеостома (60 самолепливи кеси)- месечно;
Појас за фиксирање на дводелен систем за колостоми и илеостоми - 6 месеци;
Паста за нивелирање на подлогата - месечно

Еднотрахијална канила

a) метална - 12 месеци
b) гумена (пластична) - 6 месеци

Постојан катетар - 3 месеци
Нелатон катетер ( 120 комада)- месечно
Распрскувач и инхалатор - трајно
Гумено црево за вештачка исхрана - 3 месеци

## В. ОЧНИ ПОМАГАЛА

### Член 29

Осигуреното лице може да оствари право на следните очни помагала:

1) очила
2) контактни леќи
3) очни призми
4) **интраокуларни лентикули- Се брише С. весник на Р.М бр.41/2003**
5) очни протези
6) други очни помагала

### 1. Очила

### Член 30

Право на очила ( стакла без рамки ), со обични монофокални стакла со диоптрија, може да оствари осигурено лице кога е потребно за корекција на видната функција во случај на кратковидост, далековидост и астегматизам, со поголема јачина од 1 диоптер.

Како очила во смисла на став 1 на овој член, не се сметаат очилата за кои на осигуреното лице му е индицирана потреба по наполнети 40 години живот поради физиолошко слабеење на видната функција - пресбиопија.

Право на очила од случаите на став 1 на овој член, со бифокални стакла може да оствари осигурено лице - дете до навршена 18 годишна возраст со страбизам кои се неопходни од тераписки причини.

По исклучок од став 1 на овој член осигурено лице може да острави право на очила со специјален систем на стакла (телекскопски) во случај на висок степен на слабовидност, кога остринатa односно јачината на видот на двете очи неможе да се подобри со стаклата од став 1 на овој член.

Осигуреното лице во случаите од став 1 на овој член може да оставри право на очила со млечни стакла само во случај на моноокуларна афакија.

Осигуреното лице во случаите од став 1 на овој член може да оствари право на очила со темни стакла со диоптрија во случај на:

1) заболување на предниот сегмент на окото поради skleritis, keratitis, iritis и iridociklitis
2) заболување на очното дно или на очниот нерв поради chorioditis, horioretinitis, retinitis, nevritis, nevroretinitis, атрофија на очниот нерв и ablation retinae.

## 2. Контактни леќи

### Член 31

Осигуреното лице може да оствари право на контактни леќи (меки, тврди и полутврди) во случај на:
1) кератоконус и кератоглобус;
2) анизометропија поголема од 3,5 диоптри;
3) анизоастигматизам поголем од 3,5 диоптри, кај кои со коректруно стакло неможе да се постигне острина на видот поголема од 0,5 диоптри, а исклучена е функционална амблиопија, односно со контактни леќи се постигнува подобра видна функција;
4) прогресивна миопија која се корегира со корективно стакло појако од 6 диоптри кај деца до 18 годишна возраст во тераписки цели (тврди и полутврди леќи);
5) во случај на изгореници и потешки повреди на рожницата, заштитно и тераписки (меки контактни леќи).

## 3. Очни призми

### Член 32

Осигуреното лице може да оствари право на очни призми само во случај на:
1) по оперативен третман на страбизам;
2) лекување на слабовидни деца со ексцентрична фиксација;
3) лекување на паралитичен страбизам.

## Член 33

## Се брише Службен весник бр. 41 од 25 јуни 2003 година

## 5.Очни протези

## Член 34

Осигуреното лице остварува право на очни протези:

1) полна - во случај на анофталмус;
2) лушпеста - во случај на делумно отстранување на атрофија на очното јаболко; и
3) орбитална - во случај кога поради недостаток на синото јаболче постои наградување на надворешните делови на окото.

## Член 35

Стандарден материјал од кој се изработуваат очните протези се: пластична маса, стакло, порцелан или некоја друга материја погодна за овој вид помагала.

Ако стандардната форма и големина на очната протеза не одговара на формата и големината на коњуктивната вреќичка се изработува очна протеза по мерка.

## 6.Други очни помагала

## Член 36

Осигуреното лице кај кое острината на видот на двете очи е помала од 0,05 диоптри ( практично слепо лице) може да оствари право на долг бел стап за слепо лице.

## 7.Ортооптички помагала

## Член 37

Како ортооптичко помагало во смисла на член 35 од Законот за здравственото осигурување се сметаат очните помагала кои се неопходни за развивање на видната функција до пубертетот, спречување на рецидив на слабовидност и прогресија на рефракциска аномалија на осигурените лица до 18 годишна возраст.

### 8.Рокови на траење на очните помагала

### Член 38

Роковите на траење на очните помагала  изнесуваат:

- за деца до 10 годишна возраст - 12 месеци;
- за деца над  10 до 18 годишна возраст  - 24 месеци;
- за останатите осигурени лица - 36 месеци;
- за долг бел стап - 60 месеци

## V.  СЛУШНИ ПОМАГАЛА

### Член 39

Осигуреното лице може да оствари право на слушен апарат (амплификатор) кај кое постои обострана трајна загуба на слухот над 40 децибели во говорната фрекфренција од 500, 1000 и 2000 Хз а со помош на слушното помагало може да се постигне задоволителна говорна и слушна комуникација.

По исклучок од став 1 на овој член, слушен апарат може да се одобри и на осигугено лице кое има обострана загуба на слухот под 40 децибели во следните случаи.

1) деца од предучилишна возраст над  1 година ако со оглед на менталната состојба и степенот на оштетувањето на слухот, може да се очекува развој на говорот при спроведување на стручна рехабилитациона постапка со слушно помагало;
2) деца на школување ако со слушниот апарат им се овозможува следење на настава;
3) тешко наглуви деца во случаите кога може да се олесни следењето на наставата во специјални одделенија за наглуви деца или во заводи - домови за такви деца.

По исклучок од став 1 и 2 на овој член, на децата од став 2 на овој член ако имаат оштетување на слухот на двете уши, ако тоа е неопходно може да им се одобри слушен апарат за двете уши.

Слушен апарат не се доделува на наполно глуви лица .

### Член 40

Осигурените лица кои се наполно глуви (практично глуви) кај кои постои обострана трајна загуба на слухот и кај кои со употреба на слушен апарат (амплификатор) не може да се постигне задоволителна говорна и слушна комуникација имаат право од вградување  на кохлеарен имплант врз основа на конзилијарно мислење од соодветната клиника.

Осигурените лица кои имаат вграден кохлеарен имплант имаат право на подесување (фитинг) на апаратот и потрошен материјал 30 батерии месечно и приклучок.

Батериите и приклучокот осигурените лица кои имаат вградено кохлерен имплант го остваруваат со потврда издадена од избран лекар врз основа на отпусно писмо од Клиниката за уво, нос и грло.

При  набавката на потрошниот материјал и приклучокот осигурените лица учествуваат со 10 % во вкупните трошоци на потрошниот материјал.

### Член  41

Слушен апарат се доделува  врз основа на наод и мислење од здравствена организација која врши дејност за уво нос и грло и која има услови за вршење на аудиометриски испитувања како и услови  за стручна проверка за разбирливост на говорот со помош на слушен апарат.

### Член  42

Под условите утврдени  во член  39 на овој Правилник, осигуреното лице има право на една од стандардните форми на слушен апарат и тоа:

1) џепен слушен апарат со гајтан, за лица со изразито тешка редукција на слухот поради возраст, оштетен вид или невролошки заболувања;
2) слушен апарат вграден во очила за воздушна или коскена спроводливост кај лица со одредени заболувања на надворешното и средното уво (атрезија) на надворешен слушен канал, хронични воспалителни  процеси на средното уво и после радикална трепанација на темпоралната коска;
3) задушен слушен апарат кај сите видови нарушување на слух.
4) Канален слушен апарат кај сите видови на оштетување на слухот на деца до навршена 18 годишна возраст.

Како стандарден слушен апарат во смисла на став 1 на овој член се подразбира слушен апарат  кој е составен од  слушно помагало, влошка за спроводливост

адаптирана на ушниот канал, пластична цевка за поврзување на влошката и слушното помагало, акумулаторски или обични батерии, полнач на акумулаторски батерии, прибор за одржување на слушното помагало и електричен кабел кај џепните слушни помагала.

Рокот на траење на слушен апарат изнесува за деца до наполнета 7 годишна возраст 24 месеци, за лица над 7 годишна возраст до 18 години 36 месеци, а за останатите рокот на траењето е 60 месеци.

### Член 43

Кога осигуреното лице бара да му се признае слушен апарат поинаков од стандардните апарати утврдени во член 42 од овој Правилник Фондот ги поднесува трошоците до висината на цената на стандардниот слушен апарат.

## Г. ПОМАГАЛА ЗА ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ГЛАСЕН ГОВОР

### Член 44

Осигуреното лице може да оствари право на апарат за овозможување на гласен говор (вештачки грклан) врз основа на вештачки вибратор (микрофон) доколку трајно ја загубило способноста за говор ако со тестирање се утврди дека со помош на таков апарат може да се постигне задоводителен рехабилитационен ефект, а учењето на езофарингиален говор не дало задоволителен резултат.

Апаратот на осигуреното лице се доделува врз основа на наод и мислење на Клиниката за болести на уво, нос и грло или здравствена установа (општа болница) во која е извршена здравствената услуга, која го препишува ова помагало.

### Член 45

Апаратот за овозможување на глас и говор му се одобрува на осигуреното лице само еднаш.

## Д. ЗАБОТЕХНИЧКИ И ЗАБНО ПРОТЕТИЧКИ СРЕДСТВА

### Член 46

Осигуреното лице може да оствари право на следниве заботехнички и забно протетички средства:

1) подвижни акрилатни парцијални и тотални протези;

2) ортодонски акрилатни апарати (подвижни);
3) оптуратори;
4) шини за имобилизација при траума;
5) едноделни леани фасетирани крунички.

### Член 47

Подвижни акрилатни тотални и парцијални протези се одобруваат во случај кога недостигаат крајните два молара (едностарно или двострано) во една или во обете вилици.

### Член 48

Ако на осигуреното лице му недостигаат повеќе од три заба еден до друг по правило се изработува подвижна акрилатна протеза

### Член 49

Ортодонски апарати (подвижни) може да се одобрат на осигурени лице - деца до 18 годишна возраст во случај на пореметена оклузија, артикулација и естетика.

### Член 50

Оптуратор може да се одобри на осигурено лице во случај на вродени и стекнати аномалии на коскеното и мекото ткиво.

### Член 51

Шини за имобилизација може да се одобри на осигурено лице во слуачај на имобилизација по траума.

### Член 52

Едноделни леани фасетирани крунички можат да се одобрат на осигурено лице - дете до 18 годишна возраст, во случај на траума.

### Член 53

Како стандарден материјал за избаротка на заботехнички и забнопротетички средства, во смисла на овој Правилник се смета акрилатот.

**Член 54**

Рокот на траење на сите заботехнички и забнопротетички средства изнесува најмалку 60 месеци, освен за ортодонски апарати од членот 49 на овој Правилник.

Ортодонските помагала од членот 49 на овој Правилник се издаваат во зависност од потребата која ја утврдува лекар стоматолог - ортодонт, но најмногу до 3 апарати до навршена 18 годишна возраст.

По истекот на рокот на траење утврден во став 1 на овој член, на осигуреното лице може да му се одобри ново заботехничко или забнопротетичко средство, само ако лекарот утврди дека дотогашното средство станало неупотребливо.

Оправданоста на изработувањето на ново протетско средство пред истекот на рокот ја цени Лекарската комисија на Фондот.

## III. НАЧИН НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

**Член 55**

Осигуреното лице правото на ортопедско и друго помагало го остварува врз основа на потврда за потреба од ортопедско помагало, што ја издава лекар специјалист од соодветна специјалност.

По исклучок од став 1 на овој член , за помагалата утврдени во член 27 од овој правилник , осигуреното лице правото го остварува врз основа на потврда издадена од избраниот лекар на предлог од лекар специјалист од соодветната специјалност.

Обрасците на потврдите за потребата од ортопедско помагало се составен дел на овој Правилник и тоа :

- Образец ПОП - Потврда за потреба од ортопедско помагало - формат А4/2 ;
- Образец СЛП - Потврда за потрба од слушно помагало - формат А4/2;
- Образец ПГП - Потвда за потреба од помагало за овозможување на гласен говор - А4/2 ;
- Образец ПОЧП - Потврда за потреба од очно помагало - формат А4/2;
- Образец ПЗП - Потврда за потреба од заботехничко и забнопротетичко помагало - формат А4/2.

Потврдата од став 1 на овој член ги содржи сите потребни медицински и технички елементи на помагалото според медицинските индикации и видот на помагалото што се издава.

Осигуреното лице има право на едно помагало од ист вид за одредена индикација.

На една потврда за потребата од ортопедското помагало на осигуреното лице може да му се препише само еден вид помагало за одредена индикација, во потребните количини утврдени во Списокот на ортопедските помагала.

**Член 56**

Потврдите за ортопедското помагало ги заверува подрачната служба на Фондот според местото на осигурување на осигуреното лице.

**Член 57**

За ортопедските и другите помагала од членовите 5,13 став 3 и 54 став 4 од овој Правилник, потврдата за потребата од ортопедското помагало се заверува по претходно прибавено мислење од Првостепената лекарска комисија на Фондот.

**Член 58**

Фондот води евиденција на издадените ортопедски и други помагала и за роквите на нивното траење.

**Член 59**

Осигуреното лице, врз основа на заверената потврда за потребата од ортопедско помагало, одобреното помагало го превзема од правното лице кое изработува или набавува ортопедски помагала, со кое Фондот има склучено Договор.

Со Договорот од став 1 на овој член поблиску се уредуваат условите за изработка, роковите, минималниот квалитет за изработка на помагалото, стандардниот материјал од кој се изработува, гарантните рокови, одржувањето на помагалото во и надвор од гарантниот рок и друго.

## Член 60

За обезбедување на ортопедски помагала од член 59 на овој член, Фондот склучува договори со правните лица ако :

- услугите што ги врши се во рамките на дејноста за која е регистрирано;
- постојат услови за вршење на соодветната дејност (простор,опрема ,кадар и сл);
- се платени придонесите за задолжително здравствено осигурување;
- негува добри деловни односи;
- ако ортопедското помагало има одобрение за пуштање во промет( регистрација ), доколку е тоа утврдено со Законот за лековите, помошните средства и медицински помагала.

Договорите од став 1 Фондот ги склучува во рамките на утврдените буџетски средства за таа намена, по доставена понуда за склучување на договор придружена со потребна документација, со важност на договорот за тековната година.

Референтните цени на ортопедските помагала периодично се утврдуваат од страна на Фондот.

## Член 61

Осигуреното лице остварува право на ортопедско и друго помагало во рокови на траење утврдени со овој Правилник според возрасни групи на осигурените лица.

Рокот на траењето почнува да тече од денот на испораката на ортопедското и друго помагало.

## Член 62

За ортопедските и други помагала , на осигуреното лице може да му се одобри поправка на помагалата, замена на делови **и** ново помагало од ист вид и пред истекот на утврдениот рок на траењето на помагалото, ако помагалото стане неупотребливо поради анатомски, физиолошки или функционални промени кај осигуреното лице.

Потребата од ново помагало од ист вид пред истекот на утврдениот рок на траење на помагалото , ако помагалото станало неупотребливо поради анатомски, физиолошки или функционални промени кај осигуреното лица ја цени Лекарската комисија на Фондот.

Осигуреното лице не може да оствари право на ново помагало во пропишаниот рок на траење, ако поради намерно оштетување или грубо невнимание го оштети или уништи помагалото.

## IV. УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ЦЕНАТА НА ОРТОПЕДСКИТЕ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

### Член 63

Висината на учеството на осигурените лица во цената на ортопедските и други помагала се утврдува на 10% од цената на ортопедските и други помагала, освен за надколени и подколени ортози за кои висината на учеството изнесува 100,00 денари по ортоза и за корсет платнен лумбален со фишбајни и корсет платнен лумбален со метални шини, за кои учеството изнесува 50% од вредноста на корсетот
Од учеството во став 1 на овој член се ослободени осигурените лица од член 35 од Законот за здравственото осигурување и член 37 од овој Правилник.

### Член 64

За наплатеното учество Организацијата која врши изработка односно набавка на ортопедското и друго помагало, на осигуреното лице му издава потврда.

Потврдата од став 1 на овој член содржи: број на потврдата, презиме и име на осигуреното лице, матичен број, број на здравствената легитимација, број на дневникот на издадени ортопедски и други помагала, износ на наплатено учество, дата, потпис на овластено лице и печат на организацијата што го издала ортопедското помагало.

### Член 65

Контрола на спроведувањето на член 63 и 64 од овој Правилник обезбедуваат директорот на организацијата која го издава ортопедското и друго помагало и Фондот за здравствено осигурување на Македонија.